## МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

**2790**

Врз основа на член 107 став 1 точка 5 од Законот за оружје („Службен весник“ број 63/07 и 59/12) министерот за внатрешни работи донесе

# ПРАВИЛНИК

# ЗА ПРОГРАМАТА И НАЧИНОТ НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ОБУКА ЗА ОСПОСОБУВАЊЕ НА ГРАЃАНИТЕ ЗА ПРАВИЛНА УПОТРЕБА НА ОГНЕНО ОРУЖЈЕ

### Член 1

Со овој Правилник се пропишува Програмата и начинот на спроведување на обука за оспособување на граѓаните за правилна употреба на огнено оружје (во понатамошниот текст: оспособување).

### Член 2

Оспособувањето може да го извршува полициската управа според местото на живеење на граѓанинот, Полициската академија при Министерството за внатрешни работи (во понатамошниот текст: Министерство), како и установите и други правни лица кои за вршење на таа дејност имаат одобрение од Министерството.

### Член 3

Оспособувањето се состои од теоретска и практична настава во времетраење од 14 наставни часа, според наставните целини пропишани во Прилог 1 кој е отпечатен со овој Правилник и претставува негов составен дел.

### Член 4

Со пријавата за обука за оспособување граѓанинот треба да приложи потврда од надлежниот орган за исполнување на условите пропишани со член 10 став 2 точки 1,2,3,4, 5 и 6 и став 3 точка 1 од важечкиот Закон за оружје.

Надлежни органи за издавање на потврдите од став 1 од овој член се полициската управа, односно надлежната полициска станица според местото на живеење на граѓанинот, како и овластената здравствена установа.

### Член 5

По завршување на оспособувањето, граѓаните ќе пристапат кон полагање на испитот за оспособување за правилна употреба на огнено оружје пред испитната комисија на полициската управа според местото на живеење или испитната комисија на Полициската академија на Министерството.

Со пријавата за полагање испити граѓаните ја приложуваат и потврдата од надлежниот орган за исполнување на условите пропишани со член 10 став 2 точки 1,2,3,4, 5 и 6 и став 3 точка 1 од важечкиот Закон за оружје, без која не можат да го полагаат испитот.

Кога граѓанинот посетувал обука за оспособување во установата или кај друго правно лице кое има одобрение од Министерството, при пријавување на испитот, заедно со потврдата од

надлежните органи од член 4 на овој Правилник, мора да приложи и заверена потврда од таа установа или други правни лица за завршена обука за оспособување.

Изгледот и содржината на потврдата од став 3 на овој член се пропишани на Образец 1 кој е отпечатен заедно со овој Правилник и претставува негов составен дел.

**Член 6**

Испитната комисија на полициската управа со решение ја назначува началникот на полициската управа, а испитната комисија на Полициската академија на Министерството со решение ја назначува министерот за внатрешни работи.

Полициската управа и Полициската академија на Министерството може да имаат повеќе испитни комисии.

Испитната комисија се состои од претседател и два члена, и нивни заменици.

Административните дејности на испитната комисија ги врши секретарот на комисијата.

**Член 7**

Трошоците за оспособување ги утврдува Министерството, овластената установа или друго правно лице кое има одобрение од Министерството за спроведување на обука за оспособување.

Трошоците за оспособување, испитот, како и за повторно полагање на испитот ги сносат граѓаните.

**Член 8**

Претседателот и членовите на испитната комисија, како и нивните заменици, и секретарот на испитната комисија имаат право на надомест за нивната работа во испитната комисија.

Надоместокот од став 1 на овој член се одредува според кандидатот, посебно за претседателот и членовите на испитната комисија, како и нивните заменици, а посебно за секретарот на испитната комисија.

Министерот за внатрешни работи со решение ја одредува висината на надоместокот од став 1 на овој член.

**Член 9**

Испитот за оспособеност за правилна употреба на огнено оружје се состои од:

1. Усна и практична проверка на знаењето,
2. Спроведување на проверка и оценување на гаѓањето.

**Член 10**

Гаѓање за оценка се врши под следниве услови:

1. Пиштол, калибар, 9 mm парабелум или револвер, калибар .38 специјал
   - осум парчиња муниција (3 пробни и 5 за оценка)
   - во стоечки став
   - оддалеченост од 10 метри

- цел R 50
- граѓанинот од пет (5) парчиња муниција мора да има најмалку три (3) погодоци во целта.

2. Пушка со жлебена цевка со калибар од најмалку .223 Remington
    - осум парчиња муниција (3 пробни и 5 за оценка)
    - во лежечки став со наслон
    - оддалеченост од 50 метри
    - цел R 50
    - граѓанинот од пет (5) парчиња муниција мора да има најмалку три (3) погодоци во целта.

3. Пушка со мазна цевка со калибар 12
    - осум парчиња муниција со кугла (3 пробни и 5 за оценка)
    - во стоечки став
    - оддалеченост од 15 метри
    - цел R 50
    - граѓанинот од пет (5) парчиња муниција со кугла мора да има најмалку три (3) погодоци во целта.

Гаѓањето на стрелиште се спроведува со оној тип на оружје за кое граѓанинот поднел барање кај надлежниот орган за издавање на одобрение за набавка на оружје (кратко огнено оружје – пиштол или револвер, долго огнено оружје – со жлебена или со мазна цевка).

**Член 11**

Успехот на испитот се оценува со оценка „положил“ или „не положил“.

Кандидатот се оценува со оценка „положил“ ако ја исполнил усната и практичната проверка на знаењето и гаѓањето за оценка.

Кандидатот кој не ја поминал успешно усната и практичната проверка на знаењето не може да пристапи кон гаѓање за оценка.

Кандидатот кој потфрлил во одредени делови од испитот, пристапува кон полагање на поправен испит на оној дел каде што потфрлил.

Кандидатот може повторно да го полага испитот во рок што ќе го одреди претседателот на испитната комисија.

**Член 12**

За текот на полагањето секретарот на испитната комисија води записник во кој се внесуваат следниве податоци:

- име и презиме на граѓанинот и податоци за еден родител,
- датум на раѓање,
- држава, место, општина, град на раѓање,
- единствен матичен број за идентификација,
- адреса на живеење,
- сериски број на јавната исправа со која е проверен идентитетот на граѓанинот,
- потврда од надлежниот орган според член 5 став 2 од овој Правилник,
- за членовите на испитната комисија,

- датум на полагање на испитот,
- поставените испитни прашања,
- одлуката на испитната комисија за успехот на граѓанинот на испитот.

Записникот го потпишуваат претседателот и сите членови на испитната комисија.

**Член 13**

За положениот испит за оспособеност на граѓанинот за правилна употреба на огнено оружје се издава Уверение чијшто изглед и содржина се пропишани во Образец 2 заедно со овој Правилник кој претставува негов составен дел.

**Член 14**

Со влегувањето во сила на овој Правилник престанува да важи Правилникот за програмата и начинот на спроведување на обука за оспособување за поседување и носење и правилно ракување со огнено оружје („Службен весник“ број 8/93).

**Член 15**

Овој Правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник“.

Број: 511-01-152-41009/4-2012

Загреб, 20 ноември 2012

Министер

**Ранко Остојиќ**, в.д.

**ПРИЛОГ 1**

**ПРОГРАМА ЗА ОСПОСОБУВАЊЕ НА ГРАЃАНИТЕ ЗА ПРАВИЛНА УПОТРЕБА НА ОГНЕНО ОРУЖЈЕ**

**ЗАКОНСКА РЕГУЛАТИВА – 4 часа**

| | **НАСТАВНИ ТЕМИ** | **БРОЈ НА ЧАСОВИ** |
|---|---|---|
| 1. | ОСНОВИ НА ЗАКОНСКИТЕ ОДРЕДБИ ОД ЗАКОНОТ ЗА ОРУЖЈЕ<br>- Основни одредби на Законот за оружје<br>- Исправи (документи) за оружје<br>- Ракување со оружје и со муниција<br>- Постапка со оружјето во случај на смрт на сопственикот на оружјето<br>- Одземање на оружјето, municijата и исправите за оружје<br>- Влегување и излегување на оружје и муниција<br>- Казнени одредби од Законот за оружје кои се однесуваат на граѓаните | 2 |
| 2. | ЗАКОНСКИ УСЛОВИ ЗА УПОТРЕБА НА ОГНЕНО ОРУЖЈЕ<br>- Нужна одбрана<br>- Крајна нужда<br>- Постапка по употребата на огнено оружје<br>- Казнени дела кои произлегуваат од незаконска употреба на огнено оружје | 2 |

**РАКУВАЊЕ И ГАЃАЊЕ СО ОГНЕНО ОРУЖЈЕ – 10 часа**

| | **НАСТАВНИ ТЕМИ** | **БРОЈ НА ЧАСОВИ** |
|---|---|---|
| 1. | БЕЗБЕДНОСТ ПРИ РАКУВАЊЕ СО ОГНЕНО ОРУЖЈЕ<br>- Примарни мерки за безбедност<br>- Секундарни мерки за безбедност<br>- Безбедност на чување на оружје | 2 |

| | | |
|---|---|---|
| | - Безбедносни процедури и практики со огнено оружје<br>- Безбедност на носење на огнено оружје<br>- Безбедност на стрелиштето | |
| 2. | КРАТКО И ДОЛГО ОГНЕНО ОРУЖЈЕ<br>- Тактички и технички карактеристики на кратко и долго огнено оружје<br>- Главни делови<br>- Системи за безбедност<br>- Функционални рачки<br>- Системи за чкрапање<br>- Одржување на огненото оружје | 2 |
| 3. | ОСНОВИ НА ВЕШТИНИТЕ НА ГАЃАЊЕ<br>- Контрола и држење на оружјето<br>- Ставови за гаѓање<br>- Нишанење<br>- Чкрапање | 1 |
| 4. | ПРАКТИЧНИ ВЕЖБИ ЗА РАКУВАЊЕ СО ОГНЕНО ОРУЖЈЕ<br>- Мерки и постапки при проверка на статусот на полнење на оружјето<br>- Употреба на функционалните и сигурносните рачки<br>- Расклопување и составување<br>- Полнење и празнење на огнено оружје | 2 |
| 5. | ГАЃАЊЕ СО КРАТКО ОГНЕНО ОРУЖЈЕ – пиштол, калибар 9 mm парабелум или револвер, калибар .38 специјал<br>Се изведува под следниве услови:<br>- Минимално десет парчиња муниција<br>- Стоечки став<br>- Двострана контролна рачка<br>- Растојание од 10 метри<br>- Цел R 50 | 2 |

| | | |
|---|---|---|
| | ГАЃАЊЕ СО ДОЛГО ОГНЕНО ОРУЖЈЕ – пушка со жлебена цевка со калибар од најмалку .223 Remington и пушка со мазна цевка со калибар 12<br><br>Се изведува под следниве услови:<br>- Минимално десет парчиња муниција<br>- Лежечки став со наслон за пушка со жлебена цевка, односно стоечки став за пушка со мазна цевка<br>- Растојание од 50 метри за пушка со жлебена цевка<br>- Растојание од 15 метри за пушка со мазна цевка<br>- Цел R 50 | |

## ОБРАЗЕЦ 1

ОВЛАСТЕНА УСТАНОВА

ИЛИ ПРАВНО ЛИЦЕ

Број:

Датум:

Врз основа на член 5 од Правилникот за Програмата и начинот на спроведување обука на граѓаните за правилна употреба на огнено оружје се издава:

## ПОТВРДА

на ____________________________________________

(име и презиме, име на татко/мајка)

Роден/а ____________________________________________

(ден, месец, година, место на раѓање)

Со живеалиште во ____________________________________________

(место и адреса)

кој/а ја посетуваше Програмата за оспособување на граѓани за правилна употреба на огнено оружје во времетраење од 14 часа.

**ОДГОВОРНО ЛИЦЕ**

____________________

Да се достави до:

1. Министерството за внатрешни работи
2. Архивата на установата

## ОБРАЗЕЦ 2

НАЦИОНАЛЕН ГРБ НА РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА

РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

______________________________________

Број: _______ 20__.

Врз основа на член 159 од Законот за општи управни постапки („Службен весник“ број 47/09) и член 13 од Правилникот за Програмата и начинот на спроведување на обука за оспособување на граѓаните за правилна употреба на огнено оружје, се издава:

## УВЕРЕНИЕ

на ________________________________________________________________

(име и презиме, име на татко/мајка)

роден/а ________________________________________________________________

(ден, месец, година, место на раѓање)

со живеалиште во ____________________________________________________________

(место и адреса)

по завршувањето на Програмата за спроведување на обука за оспособување на граѓаните за

правилна употреба на огнено оружје во времетраење од 14 часа, на ________ година

полагаше испит за оспособеност за правилна употреба на ____________________________
(кратко, долго, кратко и долго)

огнено оружје пред испитната комисија _____________________________________________.

Испитната комисија оцени дека кандидатот со успех го положил/а испитот.

Претседател на

Испитната комисија

_________________